**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

---

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 27. 10. 2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 5228 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор**: Надзор над изборното медиумско претставување;

2. **Субјект на надзорот**: Јавно претпријатие МАКЕДОНСКА РАДИО-ТЕЛЕВИЗИЈА Скопје – Македонско радио – Трет програмски сервис;

3. **Период опфатен со надзорот**: од 12 до 21 октомври 2016 година;

4. **Датум на извршување на надзорот**: 27 октомври 2016 година;

5. **Предмет на надзорот**:

   - **Член 75 став 1 од Изборниот законик** („*Радиодифузерите, односно Јавниот радиодифузен сервис, трговските радиодифузни друштва и електронските медиуми (интернет порталите) што одлучиле да ги покриваат изборите, се должни тоа да го прават на правичен, на избалансиран и на непристрасен начин во својата вкупна програма*").
   - **Член 75-б од Изборниот законик** („*Известувањето за редовните активности на државните органи, органите на општините и на градот Скопје, на државните институции и организации, како и за активностите на правни и на други лица на кои со закон им е доверено вршење јавни овластувања, во програмите на радиодифузерите и на Програмскиот сервис наменет за емитување на активностите на Собранието на Република Македонија, во периодот од денот на распишување на изборите до нивното завршување не смее да биде во функција на изборно медиумско претставување на ниту еден политички субјект*").
   - **Според член 196-в од Изборниот законик, член 75 и член 75-б се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година.**

6. **Констатации од надзорот:**

Член 75 став 1 од Изборниот законик

***<u>Дневно-информативни емисии</u>***

Во десетдневниот период од 12 до 21 октомври, вкупното време на новинарските прилози од радио-дневникот од 16 часот, методолошки селектирани за анализа, изнесува – 2 часа 36 минути и 29 секунди.

***Табела 1: Застапеност на субјектите во претежно информативните жанрови***

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| **Политички субјект** | **Траење** | **Процент** | |
| СДСМ | 00:02:05 | 1,33 | % |
| ВМРО ДПМНЕ | 00:03:23 | 2,16 | % |
| Собрание на РМ | 00:06:11 | 3,95 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:52 | 0,56 | % |
| Беса | 00:01:33 | 0,99 | % |
| Унитети | 00:01:27 | 0,93 | % |
| ДПА-ДР | 00:01:27 | 0,93 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:01:27 | 0,93 | % |
| ДИК и други органи | 00:04:27 | 2,84 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:19:45 | 12,62 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:03:24 | 2,17 | % |
| Други субјекти | 00:28:30 | 18,21 | % |
| Влада на РМ | 00:19:49 | 12,66 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:10:46 | 6,88 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:05:30 | 3,52 | % |
| Граѓански сектор | 00:14:47 | 9,45 | % |
| Локална самоуправа | 00:05:54 | 3,78 | % |
| Специјално обвинителство | 00:12:08 | 7,76 | % |
| Привремена комисија | 00:01:11 | 0,76 | % |
| Без субјекти | 00:01:59 | 1,27 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:03:32 | 2,26 | % |
| Локална самоуправа (опозиција) | 00:00:46 | 0,49 | % |
| Судство | 00:05:33 | 3,55 | % |
| | **Вкупно: 02:36:29** | **100** | **%** |

Во структурата на десетте изданија од радио-весникот емитуван од 16 часот, продуцирани за периодот од 12 до 21 октомври од информативната редакција на албански јазик од Македонското радио, примарно место имаат вестите во низа и извештаите од завршните парламентарни расправи за државниот буџет за 2017 година, како последна политичка дебата со која се најави распуштањето на Собранието и почетокот на политичките рокови во кои Државната изборна комисија презема улога на централен орган во организацијата на предвремените парламентарни избори, со т.н. „Договор од Пржино" закажани за 11 декември. Околу овие внатрешно-политички аспекти и околу мултилатералната посета на еврокомесарот Јоханес Хан на Скопје, гравитира мноштвото новинарски извештаи земени за анализа во десетдневниот период за мониторингот, но, забележлив е континуитет на фреквентниот новинарски информативен интерес и за активистите од различни домени на граѓанското општество, посебно на оние што остваруваат проектни активности со меѓународна финансиска и консултативна поддршка од дипломатските претставништва во Република Македонија и од странски фондации. Во оваа смисла би можеле да се истакнат обемните новинарски извештаи за: промоцијата на наодите од истражувањето со наслов: „*Напорите на Република Македонија во спротивставувањето на насилниот екстремизам – поглед на граѓанското општество*", поддржано од Американската амбасада, сумарните согледби од проектот „Граѓанинот во прв ред", поддржан од амбасадата на Велика Британија, и од Конференцијата за енергетска ефикасност во хотелиерството, поддржана од амбасата на Швајцарија.

Во последните два дена од мониторингот, зачестени се новинарските извештаи поврзани со новоотворените истраги на Специјалното јавно обвинителство – „Топлик“ и „Тендер“, и неговиот обид да изврши судска одлука за преземање податоци од Управата за безбедност и контраразузнавање.

***Табела 2 - Директни обраќања на субјектите***

| МРА - албански јазик | | | |
|---|---|---|---|
| Субјект | Траење | Процент | |
| СДСМ | 00:00:42 | 1,98 | % |
| Демократски сојуз | 00:00:23 | 1,09 | % |
| Беса | 00:00:29 | 1,37 | % |
| Други субјекти | 00:09:18 | 26,33 | % |
| Органи на државната управа/јавни претпријатија | 00:03:04 | 8,68 | % |
| ДУИ - Демократска унија за интеграции | 00:02:35 | 7,31 | % |
| Граѓански сектор | 00:04:04 | 11,51 | % |
| Локална самоуправа | 00:01:03 | 2,97 | % |
| Амбасадори/меѓународни организации/странски политичари | 00:04:00 | 11,33 | % |
| Специјално обвинителство | 00:01:56 | 5,47 | % |
| ДПА - Демократска партија на Албанците | 00:02:02 | 5,76 | % |
| Влада на РМ | 00:02:45 | 7,79 | % |
| Министри/заменици од СДСМ | 00:00:57 | 2,69 | % |
| ДПА-ДР | 00:00:25 | 1,18 | % |
| Унитети | 00:00:27 | 1,27 | % |
| НДП - Весел Мемеди | 00:00:36 | 1,70 | % |
| Судство | 00:00:33 | 1,56 | % |
| | **Вкупно: 00:35:19** | **100** | **%** |

Акцент е ставен врз известувањето за актуелни настани што промовираат одредени важни аспекти од албанската национална култура, уметност и религиозна традиција, но во континуиет се известува за социјални и за образовни проблеми – за основците од с. Долно Блаце што мора да посетуваат настава на Косово, за протестите на тетовските средношколци поради проблеми со превозот до училиштата, за протестите на студентите од Тетовскиот универзитет што не сакаат настава споена со онаа од новоотворениот универзитет „Мајка Тереза“, а известено е и за најавените протести на албанските средношколци од гимназијата „Кочо Рацин“ од Велес, што бараат настава на мајчин јазик. Чести и долготрајни се прилозите - за активностите на локалната самоуправа на градот Тетово, поврзани со проекти и предлог-решенија за лошата еколошка состојба на градот, но и прилозите во кои се нотира меѓународна финансиска поддршка за различни општествени домени на локални заедници со доминантно албанско население. Мошне ретко е известувано за поединечните, авто-промотивни партиски активности, а најбележити во таа смисла се извештаите од прес-конференциите на вонпарламентарната партија БЕСА, што го потенцира самостојниот изборен настап, и најавата за новата коалиција на албанските партии Унитети, ДПА-ДР и НДП на Весел Мемеди. Преку вести и преку извадоци од соопштенија, проследен е партискиот собир на ВМРО ДПМНЕ во спортскиот центар „Борис Трајковски“, но и партиските активности на опозицискиот СДСМ.

***<u>Посебни информативни емисии</u>***

*<u>Други информативни програми</u>*

На 21 октомври, од 17 часот емитувана е четириесетминутна снимка од „*Одбележувањето на 10 годишнина од загинувањето на Иса Лика – Командант Илири*“, на кое со свечени говори учествувале – професор Фахри Рамадани, Теута Арифи, градоначалничката на Тетово, и Фазли Велуи, претседателот на „Здружението на воените ветерани од УЧК“.

***Сектор за програмски работи***